Creative Europe MEDIA

КРЕАТИВНА ЕВРОПА МЕДИА ДЕСК МК

ОТВОРЕН ПОВИК

за

„Script2Screen Lab”

- работилница за пишување и развој на сценарија -

Рок за аплицирање: 25, март 2020

Креативна Европа МЕДИА Деск МК во соработка со Агенцијата за филм на Република Северна Македонија организира петдневна работилница за развој на сценарио **„Script2Screen Lab**” предводена од реномирани интернационални експерти (ментори од MFI-Mediterranean Film Institute), која е наменета и дизајнирана за македонски проекти во развој**.**

За работилницата

„Script2Screen Lab” е интензивна работилница за развој на сценарија која преку процесот на анализа (script analysis) и ревизија (revision) има цел да придонесе кон подобрување на сценаријата, нивната уметничка вредност и продукциски потенцијал.

Дополнително, работилницата ќе им понуди на учесниците развој на вештини за презентација (pitching) на проектите во насока на зајакнување на нивниот потенцијал за дистрибуција и промоција на интернационално ниво.

Кој може да аплицира?

1. Тим од сценарист, режисер и продуцент или сценарист и режисер или сценарист и продуцент со **долгометражен проект во развој** (игран, анимиран или ТВ серија)

2. Тим од сценарист, режисер и продуцент или сценарист и режисер или сценарист и продуцент кои во моментов имаат активни апликации за **долгометражен проект** во првиот рок на „**Конкурсот за поддршка на производство на долгометражен и краткометражен игран, документарен и анимиран филм“ објавен од страна на Агенцијата за филм на Република Северна Македонија на ден 15.01.2020**

Creative Europe MEDIA

КРЕАТИВНА ЕВРОПА МЕДИА ДЕСК МК

Критериуми за селекција на проектите:

- Квалитет и оригиналност на идејата
- Обезбеден продуцент на проект
- Потенцијал за ко-продукција
- Ниско-буџетен филм/ТВ серија

*приоритет ќе имаат тимовите со проекти кои имаат висок потенцијал за продукција

Како да аплицирате за учество на работилницата:

Потребно е да испратите

- Синопсис (2 страни)
- Тритмент (10-12 страни) или верзија на сценарио
- Писмо на намери од сценарист/режисер/продуцент во кое ќе се објасни уметничката визија на проектот
- CV на сите од тимот кои аплицираат и линкови со нивните претходни проекти/филмови
- Писмо за намера/потврда во случај на обезбедена поддршка од финансиски партнери (фондови, тв станици, спонзорства и сл.)

АПЛИКАЦИЈАТА СЕ ИСПРАЌА ЕЛЕКТРОНСКИ НА media@ced.mk со назнака (subject): Script2Screen Lab

РОК ЗА АПЛИЦИРАЊЕ ДО: 25, МАРТ 2020 ГОДИНА

Важно:

- апликацијата се испраќа целосно на англиски јазик; нецелосните апликации нема да бидат земени предвид
- апликацијата ја испраќа сценаристот, режисерот или продуцентот во името на целиот тим

*На работилницата ќе имаат можност да учествуваат вкупно 5 селектирани проекти

*Работилницата ќе биде на англиски јазик и ќе се одржи во Скопје на почетокот на јуни 2020 г.

За менторите:

Никос Панајотопулос (Nicos Panayotopoulos)- ментор за развој на сценарио

Никос Панајотопулос е реномиран сценарист, писател и еден од најеминентните професори по сценарио во Грција, чии интернационални студенти низ годините добивале голем број признанија и награди. Од 2007 г. работи како ментор на повеќе тренинг програми, а од 2013 г. ја предводи програмата MFI script2film - Mediterranean Film Institute која е поддржана од Креативна Еврипа МЕДИА. Од 2011 година, Панајотопулос е член на бордот на директори на Меѓународниот филмски фестивал во Солун (Thessaloniki International Film Festival)

Дели Ширази (Delly Shirazi) **-** ментор за презентација и развој на проект

Работи како ментор, консултант и читач на проекти за Филмскиот институт во Доха, Фондот „Хубер Балс“, Интернационалниот филмски фестивал Ротердам и Филмскиот фестивал Локарно. Дели работела и како супервизор на продукција во детскиот канал на Ал Џезира на преку 54 филмови и е програмски советник на Интернационалниот филмски фестивал Женева.